

УДК. 728.1 (497.7)"18/19"

Петар НАМИЧЕВ, Екатерина НАМИЧЕВА

# ПРИВАТНИОТ ПРОСТОР НА ЖИВЕАЛИШТАТА ОД ТРАДИЦИОНАЛНАТА АРХИТЕКТУРА ВО МАКЕДОНИЈА ОД 19-ОТ И ПОЧЕТОКОТ НА 20-ОТ ВЕК

Клучни зборови: *живеалиште, идентитет, простор, куќа, населба, амбиент, кула*

Апстракт: *Приватниот простор претставува значаен сегмент во функционирањето на живеалиштата каде што се реализираат сите обредни и верски народни обичаи. Народното живеење, социјалните услови и економската положба ја оформиле градбата на куќата со функционални простори, кои имаат едноставно функционално просторно толкување. Притоа се формирале и одреден број типови на градби, според потребите на семејствата, кои во својата просторна организација особено внимание посветувале на третирањето, почитувањето и заштитата на приватниот простор на куќата. Притоа се почитувале одредени гранични елементи како меѓи, огради, ѕидови, врати и прозорци, со кои се определувал и заштитувал просторот што се сметал за свој. Толкувањето на овие просторни елементи говори за комплексноста на просторниот систем на градбите од традиционалната станбена архитектура во Македонија.*

Преку следење на еволуцијата на формирањето на живеалиштата можеме да констатираме дека бил постигнат статус на воспоставување однос меѓу човекот и одреден природен амбиент. Притоа човекот усвоил еден свет, кој за него претставувал чин на идентификација, припадност кон одредено место, каде што човекот го открил своето создавање и го потврдил сопственото постоење. Преку изборот на своето место на живеење го одбрал и своето дружење со луѓето во разна форма, а притоа ја обработувал земјата и се грижел за неа. На тој начин постоењето на човекот се манифестирало преку нераскинливото единство на неговиот живот и местото-просторот за живеење.

Во периодот на средниот век се користел терминот за јавност во видлива форма на сопственост, која може да се распределува (privatus). Во формата на сопствен, нешто што некому припаѓа, спротивен термин е скриен, таен и воздржан, кој се применува за приватниот простор во градбите. Приватноста се појавува како содржина на одреден заштитен простор, со функција на опседнато утврдување. Сржта на приватниот живот бил домашниот простор опшиен со ограда, како станбен простор, со одредена правна вредност. Оградата означувала граница на премин од приватниот двор, што се манифестирало и со промената на облеката, како заштитен знак на просторната трансформација. Во градбите на средновековните палати или аристократските куќи, приватниот простор се потврдувал со значењето што и се давало на одредена просторија каде што се чувале највредните скапоцени предмети, кралски предмети, оружје, книги и облека. Потврдата за потенцирано значење на просторот што се сметал за приватен се манифестира преку вредните предмети, формата на креветот, нивото на удобност на просторот, покуќните предмети со висок квалитет, кои придонесувале кон подигнување на квалитетот на просторот и неговото значење. Сиромашните колективни градби за живеење не овозможувале задоволување на добивањето простор што може да се смета за приватен, поради малите импровизирани прегради меѓу просторните целини. Со појавата на палатите и зголемените просторни можности, приватноста на просторот се манифестира и во просториите со различна намена(кујна, одаја, соба за спиење), додека кај селската куќа опремата и третманот на просторот е поскромен, но се почитува приватноста на просторот. Изложувањето на просторот на туѓи погледи, претставува спротивност на третманот на приватен простор. Безбедноста во куќата е потенцирана со брави и цврста конструкцијата на вратите, со заштитни капаци на прозорците, кои го формирале, обележувале и заштитувале

приватниот простор. Во средновековието терминологијата на приватниот простор во градбите се однесува на изразите : кула, соба, стан или сала, каде што застапеноста на приватноста варира според интензитетот на користење на просторот на градбата. Но желбата за самостојност го трансформира просторот на заедничко живеење во индивидуално, со акцент на приватноста на просторот. Оваа потреба се интензивира со економското осамостојување на поединецот и неговото семејство.

При анализа на настанувањето на терминот приватен живот, тој се поврзува со поимот приватност (privacy, priver), кој настанал во 19 век во аглосаксонското општество, од тогашната авангарда на буржоаската култура.Терминот се однесува на припитомување на просторот, кој од јавен се трансформира во приватен, притоа одомаќинувањето се однесува на семејството, на куќата и нејзината внатрешност. Самите палати биле ориентирани кон внатрешниот двор, иако со фасадата излегувале на главната улица, што говори за значењето на давање приоритет на приватноста на просторот.

За да се согледа животниот простор на куќата неопходно е истражување и на природниот амбиент каде што била лоцирана куќата. Најчесто човекот се раѓал и живеел во однапред даден момент, на којшто требало да се приспособи. Градењето ново живеалиште претставувало чин на населување. Во контекст на поширокиот простор на маалските центри, или јавните простори, каде што постоела можност за собирање, луѓето пред се ги воочиле сопствените различности, формирале одредено искуство и сфаќања за можностите на заедницата, со одредени морални и технички законитости. Притоа одредени простори во одредена заедница биле маркирани како јавни, кои претставувале потврда за еден заеднички свет.

Изборот на просторот на човекот во однос на пошироката заедница имал личен карактер, при што во одреден тек опфаќал и повлекување неопходно за одредување и одржување на сопствената самобитност што се нарекувал приватен простор. Идентификацијата се однесувала на поставеноста на работите поврзани со телесното, додека ориентирањето го опфаќал просторниот сооднос.

Предметите во приватниот простор биле создадени во контекст на нивниот однос со основната структура на светот, односно за човекот, додека предметите го претставувале светот и на тој начин го условувале човекот. Предметите, иако направени од природата, како на пример ковчегот што е направен од човекот, тој во суштина оформувал еден свет. На тој начин и способноста за живеење се идентификувала со сваќањето за одредени предмети. На некој начин и живеалиштето или куќата претставувале еден четворовалентен свет. Притоа и подвижните предмети што се наоѓале во состав на приватниот простор на куќата, а кои биле минливи, подложни на уништување, се трансформирале во запрени во состав на постојаниот свет на предметите.

Притоа се претставува општата феноменологија на светот која им дава живот на предметите како делови на животниот простор. Во временските рамки на живеењето, во поширока суштинска смисла, се означува начинот на кој живите суштества-смртниците го реализирале своето талкање од раѓањето до смртта. Со ова многузначно талкање во просторот, со животната тага и радост, обреденост и обичаи, го означуваме светот како ненаселена куќа на смртникот. Со градбите на живеалиштата човекот се приближувал до земјата, како населен предел.

Од просторен аспект со формирањето на куќата се заокружувала целта на здружениот живот, како предмет на човечката идентификација со светот каков што бил во реалноста. Притоа се формирал однос меѓу човековото тело и телесната форма на предметите.

Покрај идентфикацијата на човекот со предметите и градбата, тој требало да постигне одредена идентификација кон амбиенталниот карактер на населбата. За да се идентификува со амбиентот, со формираните предмети и градби, на еден непосреден начин, каде што тој морал да го протолкува, да го хуманизира дадениот простор, за да се чувствува како дома, на свој простор, да го почувствува духот на местото.

Динамиката на секојдневните животни активности била секогаш директно поврзана со ориентацијата на човекот во просторот. Претставата на човекот за животниот простор се формирала со одредена емотивна сигурност, преку ориентацијата во просторот, додека амбиенталното чувство на поединецот го формирале градбите на населбата. На тој начин се формира феноменологијата на одредување на ориентацијата и животниот простор. Притоа најважна точка претставувало одредувањето на центарот - амбиентот, потоа средиштето на населбата и на живеалиштето - куќата како средиштен центар на приватниот живот. Центарот како средиште го означувал просторот, познат или свој, за разлика од околниот простор што можел да биде непознат или опасен. Во центарот секое живо суштество се чувствува духовно сигурно, во животниот простор, пригоден за создавање на светот. При освојувањето на просторот човекот воден од својот инстинкт, им припаѓа на




*1.Изглед на приземна куќа, с. Здуње, Порече, (цртеж 2007)*

два света, на природата и на културата. Во културниот свет со групирањето на живеалиштата се определило и местото на населбата. Притоа се потврдувал и статусот на земјата (купена) од туѓа во своја сопственост.  После дефинирањето на сопственоста на земјиштето, земјата се искористувала за обезбедување храна и просперитет на семејството, но и почитување на обичаите. Во голема мера се почитувале границите на дефинираниот простор, односно почитување на меѓите. Тие се поставувале и меѓу дворовите, што го означувал потесниот круг на просторот што се сметал за свој.

Просторната концепција на населбите во Македонија се состоела од сокаци кои имале движење во хоризонтален правец и сите завршувале во една точка на средиштето - центар, која се доживувала како вертикална оска, каде што се поврзувале правците на асоцијација на земјата и небото. Помеѓу овие две граници се одвивал светот на човекот, на земјата, каде што тој во својот животен простор формирал една оска на движење, каде што се вкрстувале патиштата, при што се дошло до вистинскиот пат, оној кој на човекот му давал посебна структура. Со одредување на правецот на движење се формирале точките на ориентирање, односно, се потврдувало сопственото постоење. Човековата претстава за околината се базирала врз споменатите домени што имале одредена изедначеност и имале улога да го формираат внатрешниот простор. Притоа се формирала сликата за местото на идентификување преку природниот пејзаж, планините, езерата и сл., кои се потенцијални места за човечката активност. Според тоа, ориентирањето на човекот подразбира формирање на структурата на амбиентот на населбата, преку соединување на хоризонталните правци на движење на човекот и вклопување во центарот на населбата. На почвата на Македонија правците на движење во населбата произлегуваат од поврзаноста на населбите (куќите) со езеро (Охрид, Струга), со планински предел (Крушево), со речни корита (Кратово), котлини (Скопје) и сл.

Преку обредните церемонии при формирањето на одредена населба, односно со населувањето на првото живеалиште, или првото маало, луѓето се обидувале да воспостават просторен ред со постоење на центар на местото (кај чинарот). Преку ориентирањето со усвојувањето на еден свет не значело само идентификување со особеностите со кои се одликувале предметите туку и ориентирање во просторот што го формирале предметите. Според тоа, создавањето на животниот простор зависел од формата на ориентирање во просторот.

Традиционалната форма на живеалиштата низ еволуцијата поседувала одреден просторен ред



*2.Изглед на куќа- кула од Галичник, Гостиварско (цртеж 1998)*

при степенот на амбиенталното ниво, кои го поврзувале природниот простор со видокругот на човечкото дејствување.

Одредената форма и организација на просторот како изразни особености постоеле и биле воочливи кај живеалиштата, јавните простори и зградите, куќите, помошните стопански објекти и др. На тој начин се формирале одредени градителски типови на форми со организиран простор, преку формирање одреден стил и јазик на традиционални архитектонски форми. При градењето на формите на живеалишта се задоволил статусот на состојбата на постоење, кој се материјализирал со градењето. Притоа градбата се вкопувала во теренот, а со повлекувањето во вертикален правец постоел стремеж да се ослободи кон просторот, односно да се дефинира дадениот простор. Вертикалниот правец покажувал стремеж кон горе, со желба да се прими светло во дадениот простор. Односот на надворешниот и внатрешниот простор се изразувал преку отворите во ѕидовите, притоа се одбирала структурата на градбата, бојата и светлото, односно, подот, ѕидот или покривот како гранични линии на просторот. Притоа, со примената на структуралните елементи се добивале сложени целини. Материјалите преземени од природата добивале прецизна форма. Хоризонталните линии на градбата се поврзувале со земјата, додека вертикалните биле вперени кон небото. Двата правци формирале организирана форма, кои ја изразувале организацијата на амбиентот. Затоа се применува методот на типолошка анализа кој укажувал дека населбата била бескрајно мноштво на суштински различни форми со одреден идентитет. Оттука произлегува и неможноста за типолошки дефинирана прецизна поделеност на одредени станбени модели во населбите во Македонија.

Терминологијата на суштинските делови во традиционалната архитектонска форма била дел од секојдневниот говор и светот околу човекот. Суштината на предметите ја одредувала нивната традиционална терминологија.

Идентитетот на одредено населено место се препознавал по симболичките точки за ориентација, сместени околу центарот. Градовите со историска содржина припаѓале во групата на репрезентативни места, со изразена индивидуалност и ги отсликувале карактеристиките на одреден предел (Охрид, Кратово, Крушево). Селските населби го визуализирале општиот карактер на населеното место. При населувањето мошне значајно било во еволуцијата на населбата да се сочува формата на пределот, да се сочува и одржи идентитетот на населбата, и покрај промените на општеството и на уметничкото поле (Галичник). На

тој начин заедницата покажувала дека почитува одреден амбиент на населбата каде што се живеело, во една просторна форма што го приближувала пределот до човекот. Раселувањето на населените места доведувало до ослабување на човечката самобитност. Односно, населбата го поттикнувала чувството на припадност на поединецот кон заедницата. Секое населено место имало свои локални карактеристики. Притоа се формирала локална форма на местото, каде што улицата претставувала место на кое се презентирале варијациите на локалните форми. Ова било изразено повеќе кај јавните простори, во центрите на местата, додека кај локалните улици, со првенствено групи од куќи, било изразено во помал обем.

*Живеалиште*

Населувањето на еден простор означувало ограничување на еден природен амбиентален простор или место. Населениот простор се третирал како центар на одреден амбиент, како поволно место за живеење. Просторот на селскиот стопански двор и селскиот атар биле поврзани со широкиот просторен амбиент на населбата, додека кај градскиот амбиент имаме поголеми димензионирања во однос на живеалиштето.

Топографијата на градовите јасно го открива карактерот на населбата, каде што се работи за изграден и организиран простор на градбите. Кај традиционалните населби, селата и градовите, идентификацијата на жителите со градбите се појавува преку одредена градба (на пр. куќа - кула), карактеристичен природен амбиент, положба на урбан распоред на градбите, одредена карактеристична форма на градбите, одреден материјал или структура и сл. Притоа одредени ентериерни или конструктивни елементи од градбите на непосреден начин, со својата форма, дејствуваат како фигурална претстава, дефинираат одреден центар на околниот амбиент. Одредена населба добива значење преку своите силуети на градбите. Кај традиционалната архитектура таа сака првенствено да го нагласи значењето на местото со кое поединецот мора да се соживее и идентификува.

За да се одреди формата на живеалиштето, потребно е да се овозможи средба меѓу жителите, што подразбира имање блискост, односно густина на просторот која го овозможува тоа. Населбите со традиционална форма имаат свои одлики, со одредена густина на куќите, разновидност на волумените и формите, но со одреден континуитет на ритам и концепција на населбата.

Просторот на живеалиштето се доживувал како свој, приватен простор. Границата се одредувала со меѓи, односно прагот на куќата или ограда. Таа линија меѓу јавниот и приватниот простор имала симболика на спротивност, но и како света и опасна зона. Ова го потврдува и нагласеното значење на прагот и при обредните дејствија, при одржување свадба, за време на верски празници, при раѓање и при смрт. Слични значења на трансформација на границата на два света или простори со различни значења, се применувале и кај влезната врата во просторијата, кај прозорците, каде што посебно внимание се обрнувало при обредните дејствија. Притоа вратите се нарекувале, главна или споредна, во однос на местоположбата и функцијата, подрумска, внатрешна, надворешна, кујна, наша и сл.

Преку отворање на прозорците и нивната големина во еден простор, се толкувал и статусот, каде што се наплатувало отворањето прозорец, во турскиот период. Особено се нагласувало значењето на прозорецот и неговата симболика при обредните дејствија, каде што се одредувала границата меѓу својот простор и остварување контакт со Сонцето, Месечината, темнината и космосот.

Уште една гранична рамка за толкување на значењето на просторот дефинираме кај покривот, како заштита на внатрешниот простор. Долната граница во внатрешниот простор се толкувала со површината на таванот, кој претставувал ниво за поврзување на обредните дејствија, околу жетвата, свадбените обичаи, како дел од обичаите при градење на куќата и сл. Огништето како елемент во приватниот простор претставува централно место што добива значење на витален простор при одредување на просторните граници. Во негова близина се одредувале обредни дејствија, за благосостојба на куќата, каде што подот се сметал за почетна граница на линијата на куќата, односно приватниот простор.

*Внатрешен простор*

Покрај визуелната слика во дадениот амбиент куќата ја изразувала и активноста од нејзината внатрешност. Внатрешниот простор човекот секогаш се стремел да го обликува со природни материјали, создавал топла атмосфера на добредојденост, а исто така и отвореност кон надворешниот простор. Куќата го одржувала самопотврдувањето, давала одредена сигурност. Во неа се наоѓале предметите, кои се носеле од надвор, кои ги познавале, а со кои живееле и кои го формирале светот. Внатрешноста на куќата го поседува внатрешниот духовен живот на семејството. Внатрешноста вообичаено се формирала како континуитет на продолжување, но воедно и спротивност на амбиентот на околината. Тоа се постигнало со природни материјали,



*3.Панорама на Кратово од средината на 20-от век (цртеж 2007)*

кои имале одреден колорит, декорација, кои го надополнувале недостигот од надворешниот амбиент. Кај селската куќа контактот бил поедноставен и директен затоа што занимавањето со земјоделство во поголема мера имало допирни точки со традиционалната архитектура.

Внатрешноста на македонската куќа содржела многу мал корисен простор, кој се сведувал на основните потреби на човекот. Често во една просторија се наоѓале постелите, бурињата и ковчезите.Подоцна една од поголемите простории со огниште се издвоила, често со колективна намена - куќа ( подоцна дел од функциите се пренеле во одајата или на чардакот). Оваа просторија била изолирана од улицата и од јавниот живот и претставувала место за собирање по напорната работа, а служела и како простор за дружење.

Кујната или куќата за разлика од одајата претставува простор што бил изолиран и покрај неговата примарна функција за готвење, служела и за сите други работи што се случувале во семејството, а кои не биле дел од општествениот живот. Уште од средниот век, иако постоеле формирани живеалишта од материјал што се наоѓал во непосредната околина, во првичните живеалишта од цврста градба просторијата куќа се споменува како –куќа во куќа.

Просторот за спиење означувал изолираност од колективните простори, најчесто во издвоена просторија. Одајата имала примарна функција за спиење, но поради мултифункционалноста на просторот на македонската куќа, таа се трансформирала по потреба во гостинска или соба за семејни веселби.

Ориентацијата на просторот во живеалиштата се одредувала според потребите и верувањата. Притоа приватниот простор добивал простории со различно значење и приоритет. На тој начин, според социјалната структура, се добивале поделби според возраста, полот, функцијата, градбата, положбата и сл. Ова е особено изразено кај селската куќа, каде што централната просторија била поделена на машки и женски кат. Често трансформацијата на функцијата на просторот според потребите, односно случувањата во семејството, ги менувал категориите на строго дефиниран простор во однос на половата припадност. Поделбата на просторот според одредени дејности потребно



*4. Изглед на Крива Паланка од средина на 20-от век (цртеж 2002)*

е да се разгледува во согласност со возраста, полот и статусот на членовите на семејството. Притоа мажите ги исполнувале работите во полето, надвор од куќата или во стопанскиот двор, додека жените најчесто се грижеле за куќата, готвење, ткаење, чистење, хранење на добитокот и сл.

Според одредена функција на просторот одаите се нарекувале, соба за спиење, за младите, за гости и сл. Додека кај чардакот функцијата е лесно менлива, за потребната намена, за работа, за ткаење, одмор, веселби и сл. Понекогаш поради потреба од приватност, отворениот дел од чардакот се преградувал, се затворал со прозорци и сл.

Во време на војна, поради потребата на заштита се формирале кулите како форми на живеалишта, како модел на градби што потекнувале од средновековниот период од средината на 10 век (Кратово, Гостиварско). На тој начин просторот се претворил во затворен и безбеден, но неудобен во одредена смисла. На тој начин се споиле просториите со различна функција, спиење, престој, прием и сл.

Кулата не била секогаш во функција со постојано живеење, туку градба во која се бегало при повремената опасност однадвор.Појавата на кулите како градежни форми извршило влијание врз сегментирањето на корисниот простор на живеалиштето. Покрај влијанието со модифицирање на селското живеалиште да еволуира во височина, просторот се сегментирал со помошни-економски простории во приземјето, до просториите за дружење на највисокото ниво. Подоцна градењето кула претставувало синоним за успешност и доминација во населбата, во однос на соседните живеалишта. Влијанието било извршено и врз градењето на дебелината на ѕидовите, бројноста на отворите и сл.

Со појавата на кулите за живеење, се задоволил одбранбениот карактер на градбата, но удобноста на жителите требало да се приспособи на системот на градбата. Во еволуцијата на овој тип градби, сопствениците го зголемувале комодитетот на највисокото ниво со формирање испусти, зголемување на бројот на прозорците, но и со збогатување на внатрешната декорација, градење огниште и др. Со качувањето во височина, просторот се концентрирал кон задоволување на приватноста, заштитата од опасноста однадвор, а се приспособувал кон женскиот третман на прос-

торот. Уште од средновековниот период кулата како градба била симбол на власта, моќта, симбол на одредена функција, а според материјалните истражувања, документи и докази, во неа не се живеело, туку во градба потпрена до неа. Сепак кулата се наведува како приоритетен простор, со симболичко значење на задолжителна градба за прикажување на моќта. Формата и конструктивниот систем на овие градби најдолго се задржал, уште од 10 век па се до првата половина на 20 век , и нема големи варијации. Поради цврстината на градбата и каменот како траен материјал, голем број објекти се сочувани до денес. Трансформацијата на приватниот простор кај овие градби зависи од нивната намена, периодот во кој се користеле, како и од концепцијата на семејството што ги користело. Така приватниот простор добива на приоритет, а е дел од градбата на одредено ниво. На тој начин тенка е разликата меѓу кулите и палатите или нивната флексибилност во однос на третманот на внатрешниот простор, кој добивал намена како приватен простор. Одбраната на објектите била приоритетна, затоа утврдувањето на објектите се применува и кај куќите.

Домаќинствата се идентификувале со бројот на огништа што постоеле во населбата, по бројот на запалени огништа или оџаци. Според големината на огништето и бројот на огништата во едно живеалиште, се одредувала и големината на семејната заедница. Огништето можело да биде сиромашно или богато. Во поголемите живеалишта во заедница живееле и до четири генерации, така што голем дел од населбата можела да се смета како едно нуклеусно семејство.

Во домаќинствата каде што во заедница живеело многубројно семејство, секој имал свое место во куќата, одредено врз основа на антропологијата, каде што се издвојувале машки и женски дел на домаќинството, кои меѓусебно во просторот се преклопувале. Според историските искуства на еволуцијата на просторот и детерминирањето според половата припадност, во даден простор на живеалиштето со одредена структура, можеби и не бил толку зависен од внатрешната топографија. Едноставно, одредувањето на просторот се базирало врз приспособување на одредените дадени семејни, економски, општествени услови и сфаќања на средината и заедницата за концептот на поделбата на просторот, а притоа се водело сметка за зачувување на етнолошката локална традиција.

Сликовитата замрсеност на градовите со лавиринти од криволиниски улички, со високи огради на дворовите, не биле прифатени како природна рамка за животна средина, а биле наметнати од несигурноста на времето, од насилства и непогоди од секаков вид(Велес,Кратово,Крушево). Јавниот простор на улицата бил најчесто поплочен со камења, со одреден агол на наклонетост кон средината за истекување на атмосферските води, како и создавањето на урбани, отворени плоштади со мали димензии, кои го означувале средиштето на урбаното маало, и динамичниот социјален живот, како место каде се собирале луѓето. Притоа во состав на дворните места покрај местото што било наменето за домаќинот или за дуќани, од задната страна се наоѓал двор или бавча, скриени градини,зад високите оградни ѕидови од нивната внатрешна страна. Покрај тоа, улицата создавала одредена привлечност за жителите на градовите поради создавањето место каде што на поминување или застанување се остварувала одредена меѓусебна комуникација, одредена акција и следење на актуелните настани во градот.

*Приватност на просторот на куќата*

Своето лице куќата го покажувала кон улицата, со одредена декорација и мноштво прозорци со големи димензии. Притоа доминантните витални простории што биле свртени кон оваа најрепрезентативна страна, кон улицата, а не кон дворот, биле поврзани со случувањата на улицата.

Во овој случај улицата, која според димензиите и пропорциите е приспособена на стрмниот терен и мерките на човекот, претставувала преоден јавен простор, од поширокиот јавен простор на населбата, кон потесниот-домот. Човекот се грижел за својот непосреден дел од улицата-јавниот простор, кој го третирал во одредена мера како свој. Пред портите се одвивале социјалните активности, најголемиот дел од комуницирањето со сограѓаните, каде што се споделувале заедничките моменти, а човекот чувствувал дека е дел, и воедно придонесувал за одредена колективна заедница. Често покрај портата се поставувале импровизирани клупи, од штици или од камени парчиња. На тој начин се маркирало местото како линија на комуникациска врска со непосредната средина.

Селската куќа во однос на социјалниот простор била во функција на човекот. Врз основа на варијантите на традиционалната куќа, на начинот и материјалот на градење, врз климатско - топографските услови, од една временска дистанца е многу тешко да се детерминира во поглед на одредени социолошки потреби и традиција, а притоа компарирајќи ги денешните стопански згради.

Локалниот модел на живеалиште бил сличен на оние од средниот век, кој претставувал традиционална куќа, се формирал како градба, со со-



*5. Изглед на куќа од Охрид од крајот на 19-от век (цртеж 1998)*

цијална намена, создаден со локални материјали и во одредени услови на поднебјето. Влијанијата од материјалот на градбата, разновидноста на намената и концепцијата се повеќе одраз на едно време отколку на локални сфаќања за градбата. Затоа селската куќа во најголема мера може да ги изрази сите карактеристики на градба која со векови опстојувала на одреден простор, поради тоа што таа била подредена во поголема мера на рамката на географските услови, со постојаноста и локалните својства, спротиставувајќи се на историските промени и влијанијата однадвор.

Селската куќа оставала автентична и оригинална слика поврзана со почвата и идентичните материјали за градба. Сепак селската куќа во најголема мера била приспособена на обработката на земјата, односно економските и техничките услови во земјоделството. Притоа просторот на селскиот двор се формирал и неговата содржина зависела од специјализацијата на домаќинството за одредена гранка од земјоделството или сточарството, односно сето тоа влијаело врз функционирањето и распоредот на градбите во стопанскиот двор.

Селската куќа со локација во однос на околината може да биде вклопена во композиција со соседните куќи (Полог), или поставена самостојно на возвишен простор (Кривопаланачко). Тоа значи дека нејзината околина, односно просторот каде што била поставена влијае врз нејзината форма, односно индиректно на големината на внатрешниот корисен приватен простор. Сепак постои одреден сооднос меѓу големината на куќата и бројот на жителите од семејството, вклучувајќи го и бројот на главите добиток. Формата и големината на селската куќа зависела од економската моќ на домаќинот, особено кај крупните семејства што ја обработувале земјата.

Внатрешниот простор како единствена просторија каде што биле сместени луѓето, добитокот, храната и каде што се одвивала целокупната активност на семејството се сметала за примитивен начин на живеалиште, кое се зачувало во еден долг временски период низ повеќе векови, се до почетокот на 20 век.

Притоа овој начин на живеење на животните и луѓето под еден покрив не било исклучиво резултат на неповолните економски услови, туку како начин на живеење што треба да се набљудува како целина.




*6. Изглед на куќа од Крушево од крајот на 19-от век (цртеж 2000)*

Заедничкиот простор на селската куќа под еден покрив, во понатамошната еволуција создало потреба од поделба на просторот, со одредени примитивни прегради кои во одреден временски период можеле да се поместуваат, во зависност од потребите и другите општествени услови што ја одредувале големината и структурата на приватниот простор. Подоцна се формирале повеќе простории за живеење во зависност од потребите на семејството.

Внатрешниот простор во куќата каде што се одвивал приватниот живот континуирано се менувал-еволуирал во одреден историски период. Со зголемувањето на семејството, се забележувале живеалишта кои биле градени едно до друго, со мали модификации, а кои според градбата биле во функција само за една генерација од семејството.

Кај живеалиштата се преградувал просторот на катот и во приземјето, се издвоил просторот за работа, за одмор, подготовка на храната, а добитокот се чувал во посебна зграда во дворот.

Селската куќа во средниот век била градена од природни материјали, од непечена земја, гранки, дрва, листови, при што била создадена градба од тврди материјали, со одредена техника на градење, со одредено вложување, но со поголема трајност. Семејството од психолошка и материјална гледна точка чувствувало подобра заштита од ниските температури, или од ветрот. На тој начин семејството се поврзува и идентификува со приватниот простор на куќата. Оваа тенденција станувала се понагласена и се развивала и опстојувала до 20 век.

Подобрувањето на условите во приватниот простор на куќата имало влијание и врз меѓучовечките односи, што влијаело на менталитетот, во рамките на економскиот и општествениот живот, со социјално значење.

Приватниот простор бил секогаш бранет простор, што се потврдува со поставувањето механизми за заклучување на влезната врата (порта), поради раширеното чувство на несигурност. Затоа

се применувале метални решетки на прозорците. Кога домаќинот излегувал од куќата, домаќинката ја затворала главната врата, или кога сите легнувале да спијат, домаќинот ја заклучувал влезната врата и клучот го чувал кај себе, поради страв од ноќно влегување на непознати. Кај селските куќи заштитата на вратата се решавала со сигуроносни резиња, метални прачки (сурме) или греди што се вметнувале во отвор на ѕидот. Често за заштита на просторот се поставувале заштитни дрвени капаци од надворешната страна- кепенци.

Приватниот простор имал егзистенцијално значење за човекот, каде што тој се чувствувал најсигурно. Грижејќи се за него, човекот сметал дека тој содржи одредена вредност што и припаѓала на семејната заедница. Тој имал преносно значење, каде што вредностите на приватноста како простор преку градбата на живеалиштето или предметите во него, се пренесувале со генерации. Вредностите на приватниот простор формирани со генерации, каде што се одвивале празнични и семејни собири, се почитувала фолклорната традиција која оставала трага на повеќе генерации.

БИБЛИОГРАФИЈА:


Ф. Аријес, Ж. Диби, *Историја приватног живота 1,* Clio, Београд, 2000

Ф. Аријес, Ж. Диби, *Историја приватног живота 2,* Clio, Београд, 2001

*A.* Schiaparelli, *La casa fiorentina e I suoiarredineisecoli XIV e XV*, Sansoni, Firenza, 1908

М.М. Веленцова, *Семантика и символика верха дома в обрядностиславян*: Из материалов к словарю "Славянские древности", Живая старина: журнал о русском фольклоре и традиционной културе, 2(26), Москва, 2000, 11-13.

Д. Грабријан, *Македонска куќа или преод од стара ориенталска во современа европска куќа,* Мисла, Скопје, 1986

R. Goldthwaite, *The Florentine Palace as Domestic Architecture*, The American Historical Review, 1972, 77

М. Елијаде, *Свето и профано*, Замак Културе, Врњачка бања, 1980

Ch. Klapisch-Zuber, *La Maison et le nome, Strategies et rituels dans l'Italie de la Renaissance (зборник на трудови),* Biblioteque de l'Ecole des hautes Etudes en Sciences Sociales, Paris, 1990

И. Ковачевиќ, *Семиологија Ритуала*, Библиотека 20 век, 63, Просвета, Београд, 1985

П. Намичев, *Селската куќа во Македонија*, УЗКНМ, Скопје, 2009

Љ. Ристески, *Категориите простор и време во народната култура на Македонците*, Скопје, 2002

M. Wood, *The English mediaeval House*, London, 1965

Petar NAMIČEV, Ekaterina NAMIČEVA

# PRIVATE LIVING DWELINGS IN THE TRADITIONAL ARCHITECTURE OF THE 19th AND THE BEGINNING OF THE 20th CENTURIES

*Summary*


The dynamics of everyday living was always directly connected with orientation of man in space. The image of man in the living space was formed with a certain emotional certainty, orientation of space, while the environment was formed with the dwellings in the settlement. Every leaving creature in the living space has to feel spiritual protection, suitable condition for creating his world.

The traditional form of dwelling throughout evolution created an order of the living space, with the environment, thus connecting the natural living space with the setting and the human activity. Additionally, the building was position on the ground, while the recession in the vertical course was a need of man to release into space, and to define space.

Man always had the tendency to create the interior of the space with natural materials, creating a worm and welcoming atmosphere.

The interior as a totality was the place where man, cattle, foods, and all the activities of the family took place, as a primary living space, which lasted throughout a long period of time, even for centuries, up to the beginning of the 20th century.

The interior of the Macedonian house had very little useful space, mainly to the basic human needs.

The kitchen or the home, as a difference to the room, was a space isolated for the primary function of cooking.

The appearance of tower as a building form had an influence in the segmenting of the function of living space in the home, modifying village house to expand into height.

Simply the development of space was based on the adjustment to the family, the economics, and social conditions, as understanding of the milieu and the community in the division of space, furthermore in keeping the ethologic tradition. According to the size, and the number of hearths inside the home, the size of the family community was determined.

The village home in the Middle Ages, to the beginning of the 20th century were constructed of natural materials, unbaked earth, branches, wood, creating a structure of firm materials, with a building technique and investment and for greater permanence. The family was secured, psychologically and substantially, it was made safer from low temperatures or the winds. Hence, the family was connected and identified with private space of the home. This tendency was more emphasized and developed till the beginning of the 20th century.

The improvement of living within the private space of the home had greater influence in the human relations, further on the mentality, economics and the social life as a whole.